Архивски број: 08-175/10
15-08-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-175/1 од 17.03.2022 година, поднесена од [redacted] од Штип против градоначалникот на општина Штип, [redacted] за сторена дискриминација по основ на политичка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 08.08.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА вознемирување врз основ на политичко уверување и лично својство и општествен статус врз лицето [redacted] од Штип, вработена во општина Штип на работно место раководител на Сектор за јавни служби, образование и локален развој, сторено од страна на градоначалникот на општина Штип, [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-175/1 на 17.03.2022 година од страна на [redacted] вработена во општина Штип на работно место раководител на Сектор за јавни служби, образование и локален развој против градоначалникот на општина Штип, [redacted].

Подносителката во претставката наведува дека врз неа е сторена дискриминација врз основ на политичко уверување и лично својство и општествен статус, односно дека врз неа се преземени низа дејствија од страна на градоначалникот на општина Штип со цел нејзино омаловажување и своевиден притисок за повлекување од раководното работно место.

Таа наведува дека од страна на градоначалникот била повикана во неговиот кабинет и од неа било побарано да се повлече од работната позиција за да може на таа позиција да се вработи друго лице, од причини што таа партиски не му одговарала на градоначалникот. Откако таквиот предлог бил одбиен од нејзина страна, започнал притисокот врз неа. Имено, таа тврди дека на 29.11.2021 година добила известување да ја напушти канцеларијата во која ги извршувала работните задачи и обврски и да се премести на шалтерите во општината. Таквото известување следело како резултат на реализација на проект насловен „365 дена транспарентност". Откако таа се преместила физички согласно известувањето работните задачи и обврски да ги извршува на шалтерите, а согласно наведениот


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

проект, според неа за целиот период на нејзиното преместување на шалтерите, не добивала никакви работни задолженија во врска со нејзината работа, ниту добивала службена пошта, со што целосно била исклучена од работењето како раководител на сектор. Понатаму, таа наведува дека и за време на тримесечното траење на наведениот проект, ниту еднаш не била повикана да и бидат дадени насоки во врска со тоа на кој начин ќе се спроведува проектот или каква е неговата цел. Според задолженијата за спроведување на проектот, требало да има систем на ротирање на лица кои ќе извршуваат работни задачи во врска со проектот на шалтерите во општината, но до примена на таков систем не дошло. Дополнително на тоа, во однос на оценувањето на административните службеници за 2021 година, таа била оценета со оценка 2, без било какво образложение за таквото оценување. Според сето од наведеното, подносителката тврди дека се работи за чин на омаловажување и притисок за нејзино повлекување од раководното место, односно дека целта била таа како поранешен пратеник во Собранието од редовите на СДСМ да биде омаловажена и пример за тоа како се дисциплинираат вработените во општина Штип. Заклучно со денот на поднесувањето на претставката таа се уште била распоредена на шалтерите во општината без никакви задолженија, иако се веќе поминати три месеци, согласно системот за ротација предвиден во проектот.

Кон претставката во прилог, подносителката во копии достави: известување за пилот проект; решение за спроведување на пилот проектот; приговор до Агенцијата за администрација и барање до градоначалникот на општина Штип.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со допис на 28.03.2022 година се обрати до општина Штип, односно до градоначалникот на општината, со известување истиот да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Дополнително на 30.03.2022 година, Комисијата достави и барање до градоначалникот на општина Штип за дополнителни информации и податоци поврзани со претставката. Во таа насока побарани се: копија од проектот „365 дена транспарентност", образложение за причината поради која е воведен проектот, копија од одлука за ротација на вработени лица во рамки на проектот, образложение за ефектите од спроведување на проектот.

Во однос на доставените дописи до општина Штип, не се доставени одговори во предвидените рокови посочени во дописите.

Следствено на тоа, во согласност со член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставници на Комисијата извршија увид во просториите на општина Штип на 10.05.2022 година, при што се утврди дека подносителката не е повеќе физички распоредена да ги извршува работните задачи и обврски во просторот зад приемните шалтери на општината согласно проектот, туку

истата е физички распоредена во канцеларија, која не е истата канцеларија во која била пред започнувањето на наведениот проект.
За време на вршење на увидот и покрај обидот да се оствари средба со градоначалникот, истата не е реализирана од причини на службено отсуство на градоначалникот. Присутните вработени во кабинетот на градоначалникот беа известени за поведената постапка пред Комисијата и на истите им се достави копија од претходно доставените дописи за изјаснување и обезбедување на информации. Дополнително е остварена и средба со подносителката, која истакна дека е во друга канцеларија во моментот и дека не добива никакви работни задачи или обврски со што е целосно исклучена од работата на Секторот за јавни служби, образование и локален економски развој во кој таа е раководител. Следствено на тоа, таа нема никаков увид во работењето на нејзиниот сектор, ниту пак и се дава можност да ги извршува работните задачи и обврски од нејзиното работно место и со тоа непосредно да раководи со секторот во кој е раководителка.

Како резултат на извршениот увид, од страна на општина Штип, односно градоначалникот на општината, на 01.06.2022 година доставен е допис-одговор до Комисијата. Во одговорот се наведува дека проектот „365 дена транспарентност“ е воведен со цел да се зајакне транспарентноста и ефикасноста на општината, при што, приоритет било да им се излезе во пресрет на граѓаните, истовремено зголемување на ефикасноста, за што најсоодветно е истиот проект да го спроведуваат како одговорни лица, раководители од сите сектори, односно одделенија во општината. Таквата одлука се засновала првенствено тргнувајќи од авторитетот и функцијата, кои овие вработени како раководители ги имаат во општината. Понатаму, во одговорот се наведува дека во првата постава на раководители, меѓу кои, била и подносителката на претставката, на 23.03.2022 година е заменета со други тројца раководители согласно предвидената ротација во спроведувањето на проектот. Во одговорот се потенцира и дека од страна на градоначалникот на општина Штип еднакво се постапува со сите вработени без разлика на нивното политичко уверување и без разлика на нивото на работно место, тргнувајќи од референт па се до највисоката раководна позиција, притоа, потенцирајќи дека извршувањето на работните задачи во работни простории како шалтерите не претставува омаловажување, бидејќи таму работат и други вработени од различни нивоа. Во одговорот, исто така, се негира било каква средба со подносителката, на која и се вршел притисок, потенцирајќи дека тоа е субјективен исказ не поткрепен со докази. Кон одговорот, во прилог се доставени и Копија од Решение за реализација на проектот, список на лица кои работат во предната канцеларија, копија од задолженија во врска со проектот, копија од известување на раководители на сектори/одделенија, копија од известување бр. 09-сл. од 23.03.2022 година, копија од известување бр. 09-2012/1 и 09-2012/3 од 25.03.2022 година и список на вработени во отворена канцеларија (шалтер) во општината.

Понатаму, Комисијата, имајќи ги во предвид до тогаш изнесените факти и околности, во повеќе наврати оствари контакт со подносителката на претставката и со надлежните во општина Штип, барајќи определени информации од двете страни,

притоа, добивајќи контрадикторни информации и податоци во однос на моменталниот работен ангажман на подносителката.
Од страна на подносителката, Комисијата беше известена дека таа е распоредена во друга канцеларија, не во канцеларијата во која била распоредена по напуштање на отворената канцеларија (шалтерите), но дека се уште не е вклучена во работниот процес, дека не добива службена пошта и предмети за работа. Спротивно на таквите тврдења, од страна на градоначалникот на општина Штип, Комисијата беше известена дека подносителката, е распоредена во друга канцеларија соодветна за извршување на работните задачи и обврски како раководител на сектор, дека истата е вклучена во работниот процес, со тоа што добива предмети за работа и дека има увид во службената пошта и работењето на секторот со кој раководи. Дополнително до Комисијата е доставено и известување со кое на 31.05.2022 година, подносителката била известена дека од 01.06.2022 година работните обврски таа ќе ги извршува во канцеларијата на раководителот на Сектор за јавни служби, образование и локален развој.

Следствено на така изнесените факти, член на Комисијата на 28.07.2022 година изврши повторно увид во просториите на општина Штип. Во рамки на увидот, членот на Комисијата разговарал со двете страни, од кои повторно ги добил истите одговори како и претходно, дека подносителката е сместена во соодветна канцеларија за извршување на нејзините работни задачи и обврски како раководител на сектор, но, спротивни информации во однос на нејзината вклученост во работниот процес. Членот на Комисијата ги задолжил одговорните лица во општина Штип, односно градоначалникот во дополнителен рок од 8 дена да достават докази за да го потврдат тврдењето дека подносителката е соодветно вклучена во работниот процес.
Побараните докази одговорните лица ги обезбедиле и доставиле на службената адреса за електронска пошта на Комисијата, односно доставиле копии од службени документи на општината во надлежност на секторот со кој раководи подносителката на претставката, и тоа за период од декември 2021 година до заклучно со месец јули 2022 година, од што се забележува континуирана вклученост во работниот процес.

Согласно така изнесените факти и околности од двете страни, од подносителката [redacted] вработена во општина Штип и од градоначалникот на општина Штип, [redacted], Комисијата не утврди постоење на дискриминација, односно вознемирување врз основ на политичко уверување сторено врз подносителката од страна на градоначалникот на општината.

Имено, дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Дискриминацијата е директна кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Дополнително на тоа согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирувањето како форма на дискриминација, претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Оттука, за да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група лица. Следствено на тоа, се утврдува и каузалната врска на таквиот нееднаков третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејствија на сторителот на дискриминација се мотивирани или пак причината за истите почива врз некоја од заштитените категории како што се боја на кожа, раса, пол, верско уверување, возраст, етничка припадност, политичко уверување итн. Понатаму, во случајот на вознемирување, имајќи го во предвид претходно наведеното, дополнително како клучен елемент на обележјето на дискриминацијата се зема постоењето на одредена цел која за последица има лицето или групата на лица да бидат омаловажени, да се повреди нивното достоинство, непријателски однос или создавање на застрашувачка средина, каде во областа на работата и работните односи може, но не и неопходно, за цел да има престанок на работниот однос.

Во конкретниот случај, Комисијата во утврдувањето на фактичката состојба го ценеше тоа што подносителката на претставката во одреден временски период ја вршела функцијата на пратеник во Собранието, на која функција била избрана како кандидат на политичката партија [redacted] на парламентарни избори, што всушност претставува релативно добро познат факт, пред се на територијата на општина Штип. Ваквиот факт, според Комисијата, без сомнение му бил познат и на градоначалникот на општина Штип, како вршител на функцијата избран на непосредни локални избори како кандидат на политичката партија [redacted] Таквиот факт во поврзаност со останатите тврдења за дејствија преземени од страна на градоначалникот на општината врз подносителката, Комисијата ги сметаше за веројатно тврдење за сторено вознемирување врз основа на политичко уверување.

Сепак, Комисијата ценеше и дека активностите за реализација на проектот „365 дена транспарентност" и соодветно преземаните дејствија во рамки на истиот, биле насочени кон поголем број на лица, односно со нив се опфатени сите вработени на раководни работни места во организационите единици на општина Штип. Видно од приложената документација, задолженијата се однесувале на сите раководители на одделенија и сектори, а не само за подносителката на претставката, со што во тој дел постоел еднаков пристап и третман со сите административни службеници вработени како раководители во општина Штип. Дотолку што, истите во групи по


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

тројца вработени се менувале на периоди во траење од три месеци, за што уредно биле известувани, видно од приложените известувања. Понатаму, видно од обезбедената документација, спротивно на тврдењата на подносителката, потенцијалниот сторител на дискриминацијата, односно вознемирувањето го докажа спротивното, дека всушност подносителката била вклучена во работниот процес во рамки на Секторот за јавни служби, образование и локален развој.

Комисијата не располагаше и со релевантни докази дека наводната дискриминација, односно вознемирување е сторено врз група на лица поради нивното политичко уверување, за да може таквата дискриминаторска основа да се поистовети како групен идентитет на вработените опфатени со горенаведениот проект и следствено да утврди дискриминација, односно вознемирување врз група на лица. Дотолку што, до Комисијата не е поднесена претставка за истата работа, односно истиот основ од другите раководители како задолжени лица и носители на активностите од проектот, ниту пак постојат одредени изјави од истите во рамки и за потребите на постапката, обезбедени од подносителката на претставката.

Оттука, согласно горенаведените причини Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Кире Василев

Доставено до:
1. [redacted]
2. Градоначалник на општина Штип
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk